**ПРЕДМЕТ: Препраќање на дел од барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер**

До Владата е доставено барање за каде во точка 3 од барањето е побарана следната информација:
Договорен рок во врска со активностите за патот Призрен - Тетово.
Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер : да ми се достави копија од Меморандумот за разбирање, меѓу владите на Р. Северена Македонија и Р. Косово за физибилити студијата за патот Призрен -Тетово.

Да ми се достави копија од физибилити студиЈата за патот Призрен - Тетово, која се споменува во програмот на Владата („Поаѓајќи од резултатите на физибилити студијата за патот Тетово - Призрен, ќе се разгледаат економски оправдани варијанти1' во следниот линк: https://viada.mk/node/18054)
Дополнително, имателот да ми одговори, дали имаат договорено рок на активности.

**Предмет: Одговор на Барање за пристап на информации од јавен карактер**

Во однос на Вашето Барањето за пристап до информации од јавен карактер ве известуваме дека на 13.10.2021 година од страна на Влада на Република Северна Македонија е формирана Комисија со претставници од министерства, јавни претпријатија и експерти со цел разгледување на физибилити студијата за патот Призрен-Тетово.

Комисијата е формирана врз основа на член 4 од Меморандумот за разбирање на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во врска со физибилити студијата за патот Призрен-Тетово. Документот се уште е предмет на разгледување од страна на Комисијата.

**Предмет: Одговор на Жалба**

Во однос на Вашата Жалба по претходно Барањето за пристап до информации од јавен карактер ве известуваме дека:

Документот, односно физибилити студијата за патот Призрен-Тетово се уште е предмет на разгледување од страна на Комисијата составена од претставници од министерства, јавни претпријатија и експерти, формирана од страна на Владата на РСМ врз основа на член 4 од Меморандумот за разбирање на Владата на Република

Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка, со цел разгледување на физибилити студијата.

Имено, Физибилити студијата содржи три опци кои во моментов се разгледуваат и од кои треба да биде избрана една од страна на Комисијата. Од тие причини бидејќи не е избрана верзијата врз основа на кој би се базирал проектот, и бидејќи станува збор за билатерален договор меѓу две држави, штетата која би се нанела е поголема од јавниот интерес, односно објавување на било какви информации може да предизвика штета во реализација на проектот.